Република Македонија
НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ

Republika e Maqedonisë
AVOKATI I POPULLIT

OMBUDSMAN
Republic of Macedonia

Народниот правобранител како Национален превентивен механизам (НП како НПМ) на 27.11.2012 година спроведе посета на ЈЗУ Психијатриска болница „Негорци“. Посетата започна во 09:30 часот и траеше до 15:45 часот (вкупно времетраење: 6 часа и 15 минути).

НПМ спроведе ***редовна ненајавена посета*** на психијатриската болница Негорци, во рамки на мандатот и надлежностите кои произлегуваат од Факултативниот протокол кон Конвенцијата против тортура и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување и Законот за народниот правобранител. Целта на посетата согласно Факултативниот протокол е идентификување на ризици заради спречување на тортура или друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување, преку увид во материјалните услови во јавната здравствена установа, постапувањето со пациентите, остварувањето на правата загарантирани со Законот за ментално здравје, Законот за заштита на правата на пациентите и други правни акти, како и водењето на евиденциите во врска со оваа категорија на лица. Посетата беше реализирана од Народниот правобранител-Национален превентивен механизам во придружба на надворешен соработник лекар-психијатар врз основа на претходно потпишан Меморандум за соработка со Здружението на психијатри на РМ.

Посетата на психијатриската болница “Негорци” се спроведе во неколку чекори. Тимот на Националниот превентивен механизам на почетокот од посетата оствари средба со директорот на болницата, а потоа спроведе увид на сместувачките капацитети во сите одделенија на болницата, надворешниот соработник лекар-психијатар оствари разговор со лекарите-психијатри одговорни за секое одделение, а воедно се посети и посебниот дел за работна терапија во состав на психијатриската болница. НПМ заедно со надворешниот соработник спроведе и разговор со неколку пациенти сместени во акутното, хроничното и судското одделение на психијатриската болница Негорци.

На крајот од посетата НПМ тимот ги даде своите првични согледувања и укажувања на директорот на болницата „Негорци“. При давањето на првичните согледувања беше потенцирано дека НПМ ќе изготви посебен извештај за посетата на ЈЗУ Психијатриска болница „Негорци” во кој ќе се внесат констатираните состојби, информациите добиени од лицата сместени во болницата, како и од вработените и ќе даде препораки за понатамошно постапување. Целосната посета на психијатриската болница се реализираше во соработка со управата и службите, при што НПМ тимот имаше непречен увид во сите одделенија каде се сместени пациентите, а оствари и непречен разговор со дел од нив.

НПМ во разговор со пациентите не доби поплаки за тортура и сурово постапување, а односот на персоналот во најголем дел беше оценет како коректен, освен во неколку случаи каде пациентите се пожалија на болничарите, односно дека истите им се закануваат во случај кога одбиваат да ја примат пропишаната терапија.

Националниот превентивен механизам утврди дека за секој пациент соодветно се изготвува индивидуален план за третман и рехабилитација. Историите на пациентите воглавном се сеопфатни, разбирливи, доверливи, при приемот пациентот уредно се прегледува, а при одредувањето на терапијата се внимава на возрасната граница на

пациентот. При увидот во историјата на еден пациент НПМ констатираше сериозен пропуст, односно недостаток на документ со кој се потврдува сместувањето во болницата, т.е. доброволна согласност на пациентот или судска одлука за присилна хоспитализација.

Пациентите од различен пол во болницата се сместуваат во одвоени простории. Во најголемиот дел од одделенијата беше истакнат куќниот ред на активности, а соодветно беше поставено и сандаче за жалби и пофалби. Беше констатирано дека правото на обезбедување на хумана и безбедна средина се остварува во оваа установа, а поставена е и пристапна рампа пред влезот на одделението за психогеријатрија. Пациентите поседуваат сопствена облека и истите не носат пижами додека се сместени во психијатриската установа.

Во оваа установа се применува посебен протокол со кој е разработена политиката и правилата за преземање мерки за физичкото ограничување (фиксација) на пациентите и средствата кои смеат да се користат при физичка фиксацијата. Во книгата за евиденција на физичка фиксација во неколку случаи не беше заведен часот, поточно времето кога завршила фиксацијата, а во еден случај немаше потпис од лекар кој бил одговорен за фиксацијата.

Во поголемиот дел условите во одделенијата ги исполнуваат посакуваните меѓународни стандарди. Температурата и влагата се во границите на дозволените параметри, а во најголем дел од собите на акутно, хронично и алкохолно одделение не беше забележана пренатрупаност.Во собите се поставени грејни тела, а креветите се со постелнина. Во дел од собите иако се обоени со пастелни бои недостасува дополнителна декорација со сопствени предмети на пациентите.

Условите во хроничното Б одделение не ги исполнуваат минималните стандарди, нема доволен број на кревети за сместените пациенти, а тоалетите беа затекнати неуредни и лошо одржувани. НПМ утврди дека не секој пациент имаше посебно легло (кревет) на хроничното одделение Б и нивното сместувањето во болницата го оцени како понижувачки и нечовечен однос. Во дел од тоалетите беше приметено дека нема вентилација (во акутно одделение) и беше забележана влага на ѕидовите, не беа уредно одржувани тоалетите во судско одделение, одделение за психогеријатрија, како и во хроничното Б одделение.

Во оваа болница во употреба се нова модерна кујна и трпезарија во кои постојат соодветни услови за сервирање и служење на храната. Во состав на болницата нема спортска сала, а во самите одделенија не се опремени поединечни или интерни соби за работна терапија.

Во болницата има недостаток од човечки кадар, особено среден медицински кадар и болничари, па во таа насока на хроничното одделение Б во кое се сместени и лица со ментална субнормалност на смена се само една медицинска сестра и болничар. Недостигот на кадар доведува до ограничување на слободата на движење на пациентите на ова одделение[1], а на тој начин истите се ставаат и во понеповолна положба во однос на останатите пациенти.

Како резултат на реализираната посета Народниот правобранител како Национален превентивен механизам подготви посебен извештај во кој ги констатираше позитивните и негативните состојби и даде соодветни препораки упатени до Министерството за здравство и до управата на психијатриската болница „Негорци“ со цел отстранување на идентификуваните недостатоци.

---

[1] Овие пациенти се држат заклучени во зградата на хроничното Б одделение.